**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

Архивски број: 04-261/5
Датум: 22.07.2025 година

ЗАПИСНИК
за спроведен практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Закон за инспекциски надзор (Службен весник на Република Северна Македонија бр.102/2019, 272/2024 и 22/2025) и одредбите од Правилник за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Службен весник на Република Северна Македонија бр.238/2019 и 167/2021), на ден 22.07.2025 година со почеток во 09:00 часот во службените простории на Државниот инспекторат за земјоделство, пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со арх. бр.04-261/4 од 04.07.2025 година, се спроведе практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисија за полагање практичен испит во состав:
1. Јован Карчовски – главен инспектор/ментор
2. Христина Ташевска – виш инспектор
3. Тодорка Нешковска – советник инспектор
4. Меџит Јусуфи – претставник од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор, Сузана Димитрова, со Решение бр.04-21/4 од 19.07.2024 година е распоредена на работно место Државен инспектор за земјоделство за инспекциски надзор од облста на семе, саден материјал, производи за заштита на растенијата, квалитет и безбедност на ѓубрија, биостимулатори и подобрувачи на

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Државен инспекторат за земјоделство

Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18
(Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија

+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

својствата на почвата во Република Северна Македонија, Оделение за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенијата, квлитет и безбедност на ѓубрива, биостимуалтори и подобрувачи на својствата на почвата – Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, шпроизводи за заштита на растенијата, квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и виното и лозарството, со звање Советник инспектор, на ниво В1, сметано од 19.07.2024 година.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилник за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Службен весник на Република Северна Македонија бр.238/2019 и 167/2021), при што кандидатот за инспектор Сузана Димитрова изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка на инспекциски надзор, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекциски надзор.

Од презентацијата на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Сузана Димитрова за ниво В1 – Советник инспектор, комисијата за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор, ги утврди следните бодови и тоа:

| | |
|---|---|
| Планирање и подготовка на инспекциски надзор | 15 бодови |
| Спроведување на инспекциски надзор | 30 бодови |
| Затворање на инспекциски надзор | 30 бодови |
| Документирање на инспекциски надзор | 15 бодови |
| Вкупно освоени | 90 бодови |

Комисијата за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор констатира дека кандидатот за инспектор Сузана Димитрова за ниво В1 – Советник инспектор, освои вкупно 90 (деведесет) бодови и со тоа успешно го положи практичниот дел за стекнување со лиценца за инспектор.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализирање во време:

- Почеток во 09:00 часот на ден 22.07.2025 година;
- Завршување во 12:00часот на ден 22.07.2025 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот:

1. Јован Карчовски ______________________
2. Христина Ташевска ______________________
3. Тодорка Нешковска ______________________
4. Меџит Јусуфи ______________________

Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Државен инспекторат
за земјоделство

Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18
(Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија

+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk